**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1467/**

# З А П И С Н И К

**Од 246.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 05.03.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Перица Ацевски-Претседател на Централна пописна комисија, Розалина Н Димовска-Раководител на Оддление за правни работи и Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи.

Седницата започна во 14.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 245.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2023 година.

3. Разгледување и усвојување на Правилник за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 245.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 245.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 245.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 245.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2023 година.**

Воведно излагање по оваа точка даде Перица Ацевски Претседател на пописна комисија која детално го објани Извештајот за извршен редовен годишен попис на средства и изворите на средства во ЈРП МРТ како начинот и подготовките како се одвивал целиот процес.

Перица објасни дека врз основа член 66 став 1 алинеја 10 од Статутот на ЈРП МРТ- бр.01-765/1 од 30.01.2015 година на МРТ на предлог од Директорот на заеднички функции и администрација бр.05-6128/1 од 02.11.2023 година, Директорот на ЈРП МРТ донесе Одлука бр.02-6350/1 од 13.11.2023 година, за формирање комисии за вршење редовен годишен попис на имотот, ситниот инвентар, потрошниот материјал, готовите производи, побарувањата, обврските, паричните средства и слично со состојба на 31.12.2023 година.

Пописот на средствата и обврските друштвата го вршат во согласност со следниве законски прописи:

-Член 473 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ.бр.28/04, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013 и 187/2013

-Упатство за подготовка и извршување на пописот бр. бр.02-6350/3 од 16.11.2023 година.

Членови на Централна пописна комисија:

- Перица Ацевски - претседател
- Роберт Андонов - член
- Газменд Куртиши – член

Пописните активности започнаа на 04.12.2023 година со подготовка на пописните листи и нивно доставување до членовите на пописните комисии за извршување на физичкиот попис на средствата во ЈРП МРТ. Комисиите го реализираа пописот совесно и навремено, ги доставија пополнетите пописни листи со утврдената фактичка состојба до одделението за сметководство каде е направена споредба на утвдената фактичка состојба со сметковоствената состојба на материјалите и средствата кој беа предмет на пописот.

По изработката на поединечните извештаи од секоја комисија, истите се доставини до Централната пописна комисија која во предвидениот рок го изработи Извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2023 година.

Со завршување на пописните активности и по утврдувањето и споредувањето на фактичката со сметководствената состојба на средствата, комисиите во своите извештаи доставија предлози за расход на материјали и средствата (опрема и инвентар од лица и магацини) кои поради нивната долготрајна употреба се физички оштетени, дотраени или се техничко-технолошки застарени.

Во збирниот извештај изработен од Централната пописна комисија се презентирани сите поединечни извештаи на пописните комисии според редоследот во содржината, а во продолжение следат изработени рекапитулари за предложените основни средства, ситен инвентар и материјали за расход.

Извештајот за попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ се состои од два дела и тоа:

Дел I – Попис на нематерјални, материјални средства и залихи од класи 0, 3, 6 и 9 и

Дел II –Попис на побарувања и обврски класи 1 и 2

На крајот од збирниот извештај следат и општи констатации за пописот.

На предходна седница Надзорниот одбор на МРТ го разгледа и даде согласност на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2023 година.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2023 година.

■**Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2023 година** беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2023 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Правилник за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци.**

Розалина Н Димовска од Оддлението за правни работи даде вовед и го обајсни Правилникот за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци, и воедно кажа дека истиот е изготвен и по препорака на Државниот завод за ревизија а исто така е и дел од Статутот на МРТ.

Во правилникот се децидно дадени дефиниции што е авторско дело, што е автор, усогласен е со Законот за авторско право и сродни права, понатаму се дадени дефиниции што се предмети на сродни права, што се изведувачи, авторски-изведувачки договор, како се склучува тој договор, кој елементи треба да ги содржи тој договор и сл.

Членот Ристе Панов истакна дека со овој правилник ќе се регулираат многу права од аспект на авторството за вработените кои творат и создаваат во МРТ, и овој правилник ќе претставува добар основ за другиот правилник за судир на интереси кој треба да го усвоиме во иднина.

Снежана Клинчарова ја продолжи дискусијата по овој правилник и додаде дека треба да се донесе ваков правилник заедно со другиот правилник за решавање на конфликти меѓу јавниот и приватниот интерес иако новиот Закон за авторски и сродни права е заглавен во Собранието на РМ и за скоро нема да биде донесен.

Снежана кажа дека по однос на овој правилник има одредени забелешки и дека истите ќе ги достави на писмено со цел овој правилник да биде поквалитетен и за да може што побрзо да го добиеме и другиот правилник на разгледување и усвојување.

**ТОЧКА4: Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател